АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ СКОПЈЕ

***Почитувани членови на Комисијата на Агенцијата за пошти,***

***Почитувана Генерална директорка на А.Д.„Пошта на Северна Македонија“, г-ѓа Бујаре Абази,***

***Почитувани членови на УО на АД „Пошта на Северна Македонија,***

***Почитувани преставници на Министерството за транспорт и врски,***

***Почитувани претставници на давателите на поштенски услуги,***

***Почитувани соработници, претставници на медиумите, колеги,***

***Дами и господа,***

Дозволете да ја искористам приликата и да Ве поздравам од име на Стручната служба на Агенцијата за пошти и од мое лично име и воедно да изразам задоволство што повторно се среќаваме.

Исто така, ја користам оваа прилика да изразам искрена благодарност до членовите на Комисијата, за нивната посветеност и придонес за успехот на институцијата. Нека духот на единство и соработка продолжи да нѐ инспирира и да не води напред, додека работиме заедно за да обликуваме регулиран, стабилен и конкурентен пазар на поштенски услуги.

**Почитувани,**

Ми претставува голема чест да се обратам пред сите Вас, и воедно да потенцирам дека 2023 година е значајна година за Агенцијата за пошти. Оваа година одбележуваме 15 години од основање на Агенцијата за пошти, и практично денешниот 20-от јавен состанок е прв од пригодните настани и активности со кој започнуваме за одбележување на јубилејот. Од своето основање во 2008 година, па до ден денес Агенцијата за пошти посветено работи и успеа да изгради кохерентен правен систем на пазарот на

поштенските услуги. Искористени се најдобрите практики на домашната регулатива и меѓународните прописи. Имплементацијата на најдобрите практики е во насока на овозможување еднакви услови за сите, конкурентност и висок пазарен интегритет.

Во изминатите 15 години, со заеднички труд и залагање постигнавме многу, и можеме да се гордееме на извонредните достигнувања што ги направивме во поштенската област.

Затоа ги охрабрувам колегите и сите чинители на пазарот на поштенски услуги да продолжиме да работиме со уште поголема динамика посветено и одговорно. Успехот на сите нас зависи од взаемната соработка, колегијалноста и пред се меѓусебното почитување и почитувањето на законските прописи.

Агенцијата за пошти **постојано ја следи работата** на давателите преку своите надлежности и на систематски начин **го анализира развојот на конкуренцијата во поштенскиот сектор**.

Во 2022 година беше забележан досега најголем број на даватели кои се откажаа од пазарна трка но намалувањето на **бројот на даватели** на поштенски услуги со Општо овластување, не влијаеше на степенот на вертикална конкурентност на нашиот внатрешен поштенски пазар. Напротив, понудата не се намали, туку се редистрибуира кај поголемите даватели, исто како и обемот и приходите.

Еден од трендовите за кој воедно се реферира и во Извештаите и анализите на Групата на европски регулатори за поштенски услуги е дека промовирањето на конкуренцијата на пазарите за писма останува валидно и важно. Тоа е затоа што недостатокот на конкуренција, ги лишува корисниците од потенцијалните придобивки во однос на изборот на даватели, пониски цени, подобар квалитет и иновативност на производите. Промовирањето на конкуренцијата во сегментот на писма е особено важно и во нашата земја каде што обемот на писма е сè уште и веројатно ќе остане значаен, (мала дигресија Статистичките податоци за 2022 година покажуваат дека во Република Северна Македонија обемот на писма има

значителен удел во поштенскиот сектор). И она што е карактеристично за Европскиот пазар дека пазарниот удел на давателите на универзална услуга во сегментот на пакети останува релативно мал во споредба со писмата каде што тие отсекогаш имале (и продолжуваат да имаат) многу значајни пазарни удели или дури и остануваат единствениот релевантен поштенски оператор, е карактеристично и на нашиот поштенски пазар.

Проценка е дека пазарот на писма ќе остане на ова ниво поради динамиката на дигитализација на процесите и традицијата што големите деловни испраќачи и јавната администрација се уште претпочитуваат комуникација со корисниците и граѓаните преку писма.

Бидејќи поштенскиот бизнис модел се потпира на економиите на обем, намалувањето на обемот на писмата (4,9 проценти во просек секоја година од 2008 година) ги зголемува трошоците за достава по единица. За да го надоместат зголемувањето на трошоците, многу даватели на универзалната услуга низ ЕУ ги модернизираат своите деловни модели.

Оттаму имајќи во предвид дека нашиот давател на универзална услуга има намалување на обемот во просек од 7.5% годишно во изминатите 3 години, сметам дека АД Пошта на Северна Македонија како давател на универзална услуга со своите веќе воспоставени поштенски мрежи и структурата на високи фиксни трошоци треба да бара начини да ја зголеми ефикасноста, да ги подобри решенијата ориентирани кон корисниците, да ги збогатат своите понуди на услуги. Профитабилноста на давателите на универзална услуга се одржува со намалување на трошоците (главно работна сила), зголемување на продуктивноста преку технолошки иновации (на пример автоматизирани системи за сортирање), потпирајќи се на понудата на повеќе основни производи и услуги и/или зголемување на цените. Укажуваме на неопходноста од поддршката од страна на Владата со преземање соодветни стратешки - економски мерки за поштенскиот сектор, со кои на одржлив начин ќе се овозможи на А.Д. Пошта на Северна Македонија, одговорна за универзалната услуга на целата територија на државата, и во меѓународниот поштенски сообраќај во рамки на мрежата на

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ СКОПЈЕ

Светскиот поштенски сојуз, да му служи на општеството во целина, на најефикасен можен начин.

Ако последниве години веќе апсолвиравме дека развојот на е-трговијата е клучниот генератор на растот на поштенскиот сектор, сметаме дека е крајно време да се засили контролата на државата кон субјектите кои продаваат на далечина низ различни канали а особено на социјалните мрежи. Сите тие и легални и нелегални е-трговци се клиенти на нашите поштенски даватели, со кои поштенскиот бизнис мора да се справува. Ќе повториме дека сивата економија создава и нефер нелегална конкуренција во поштенскиот сектор односно појава на т.н. „диви даватели“. Во тој контекст, би сакала да истакнам дека во изминатиот период Агенцијата санкционираше 3 такви субјекти за обезбедување на поштенски услуги без издадено Општо овластување од страна на Агенцијата. Во два надзори кои ги спроведовме непосредно пред одржување на јавниов состанок во заедничка и координирана акција со МВР, ЦУРСМ, ДПИ, ДИТ и УЈП беа запленети огромни количини поштенски пратки со недекларирана и неоцаринета трговска стока внесена од странство. Тоа е доказ декаи те како ни е потребна меѓуинституционална соработка во сузбивање на сивата економија, и овие заеднички акции ќе продолжат и во иднина. Во тој контекст ја повикувам судската власт да придонесе во борбата против дивите даватели преку изрекување на поригорозни прекршочни санкции согласно ЗПУ на субјектите кои вршат поштенски услуги без соодветно Општо овластување издадено од Агенцијата за пошти.Ниско изречените глоби (од 200 и 100 евра во денарска противвредност), ги охрабрува и останатите правни субјекти свесно да го кршат законот, што директно ја стимулира и сивата економија во поштенскиот сектор, и нелегалната трговија во државата воопшто. Односно ги обесхрабрува сите оние оние кои сакаат да обезбедуваат поштенски услуги согласно законските прописи.

*Драги пријатели,*

Дозволете на крај да посакам успешен јавен состанок.

Ви благодарам на вниманието!

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ СКОПЈЕ